**БУГАРСКИ КУЛТУРЕН КЛУБ**

6 март 2010

Соопштение за медиумите:

Генералната дирекција *„Проширување“* на Европската комисија испрати писмо до претседателот на Бугарскиот културен клуб – Скопје во врска со драстичниот случај на нарушените човекови права на младата мајка Спаска Митрова, која поседува македонско и бугарско државјанство. Како што е познато, минатата година г-ѓа Митрова беше фрлена зад решетките на зловештиот затвор *„Идризово“* заради спорот за родителските права, согласно средновековната политички мотивирана пресуда на судовите на Република Македонија, по што нејзината малолетната ќеркичка беше насилно одземена и држена изолирана од мајката (и покрај тоа што на Спаска и’ беше досудено правно старателство над детето и македонски психиатри ја установија нејзината потполна адекватност и пригодност како родител).

Во писмото се вели дека, Европската комисија ги регистрира општествените тревоги породени од овој случај. *„Дозволете ми да Ве уверам, дека Европската комисија ги следи одблизу тековните реформи во правосудството на земјата, бидејќи тоа е основен елемент на Копенхашките политички критериуми за членство. Оценката на последните развитија ќе биде објавена оваа есен во извештајот на Комисијата за прогресот на земјата“*.

Понатаму писмото ја советува Спаска Митрова да добие висококомпетентна правна помош и да се обрати кон Меѓународниот суд за човекови права во Стразбург, по исцрпување на процедуралните можности на македонскиот судски систем. Писмото е потпишано од Кристиан Хедберг, началник на Оддел *„Бивша Југословенска Република Македонија“* во Директорат *„Хрватска, БЈРМ и Турција“* на Генералната дирекција *„Проширување“* на ЕС.

Англискиот оригинал може да се прочита на интернет страницата на Бугарскиот културен клуб – Скопје.

Инфо центар на БККС

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
Бугарски Културен Клуб
СКОПЈЕ

Здружение на граѓани "Бугарски културен клуб - Скопје"
E-mail: contact@bkks.org
Интернет страница: www.bkks.org